Врз основа на член 15-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (" Сл.весник на Р. М ."бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12,55/13, 163/13, и 42/14), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р. М. " бр.5/02), и член 16 став1,точка1 и член 23 став1 точка 6 од Статутот на Општината Ресен (Сл.гласник на Општина Ресен,, 07/10 и 13//2013 ), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

### За усвојување на иницијатива за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на ДУП за ЗОНА 3 БЛОК1

**Член 1**

Се одобрува иницијативата за отпочнува постапка за пристапување и донесување на ДУП за Зона 3 Блок1 на КП 1687/1, КО Јанковец Општина Ресен

**Плански опфат е ориентационен и се движи во границите на КП 1687/1**

**Вкупна површина на плански опфат изнесува П= 1,90 ха.**

**Член 2**

Финансирањето на изработка на планот ќе се врши со средства на правното лице поднесувач на иницијативата /инвеститор/ АД ,, МАК-ТУТУН,, с.Јанковец -Ресен .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/19 — Претседател
13.03.2015 година — Методија Пашковски с.р.
Ресен

**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Заклучокот по Информацијата за досегашните активности на службата за зимското одржување на улици и локалните патишта во Општина Ресен 2014/2015

Се прогласува Заклучокот по Информацијата за досегашните активности на службата за зимското одржување на улици и локалните патишта во Општина Ресен 2014/2015, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/17 Градоначалник
18.03.2015 год. м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Информација за досегашните активности на службата за зимското одржување на улици и локалните патишта во Општина Ресен 2014/2015, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Не се усвојува Информацијата за досегашните активности на службата за зимското одржување на улици и локалните патишта во Општина Ресен 2014/2015

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/20 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

**18.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2015 година

Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2015 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/18 | Градоначалник
18.03.2015 год. | м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа(,Службен весник на РМ,бр.5/02) а во врска со член 23 став од Статутот на Општина Ресен (,Службен гласник на Општина Ресен,бр.7/2010 и 13/2013) на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, Советот на Општина Ресен донесе:

## Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2015 година

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието за 2015 година, донесена од страна на Советото на Општина Ресен под бр. 07-3394/14 21.11. 2014 год.

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Ресен кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието

- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

**II. АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2015 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на третата фаза од Новиот концепт за развој на образованието;
- Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции;
- Техничка и стручна помош при изработка на Стратегија за развој на образованието.

| Ред.бр | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | МОН | Општ. Ресен | Донација | |
| 1 | Манифестација по повод завршувањето на школската година 2014/15 | Јуни 2015 | Сите основни и средното училиште | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 2 | Манифестација по повод започнувањето на школската година 2015/2016 | Септември 2016 | Сите основни и средното училиште | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 3 | Организирана посета на Музеи и спомен куќите во Ресен (екскурзии) | По распоред | Сите основни и средното Училиште | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 4. | Подршка на талентирани ученици и студенти за учество на меѓународни натпревари | По потреба | Општина Ресен | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 5 | Електрична | | Општина | | 500.000,00 | | 500.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | енергија | | Ресен | | | | |
| 6 | Дрва | | Општина Ресен | | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 7 | Течни горива | | Општина Ресен | | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| 8 | Осигурување на недвижости и права | | Општина Ресен | | 150.000,00 | | 100.000,00 |
| 9. | Правни услуги | | Општина Ресен | | | | 150.000,00 |
| 10. | Превозни услуги | | Општина Ресен | | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| 11. | Други оперативни расходи | | Општина Ресен | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО основно образование** | | | | 2.400.000,00 | | **2.400.000,00** |
| II | **Средно образование** | | | | | | |
| 12 | Електрична енергија | | Општина Ресен | | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| 13. | Течни горива | | Општина Ресен | | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 14. | Превозни услуги | | Општина Ресен | | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 15. | Други оперативни трошоци | | Општина Ресен | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| | **Вкупно средно образование** | | | | 1.300.000,00 | | **1.300.000,00** |
| Ред. Бр. | **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| 1 | Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи и набавка на опрема во основни и | По утврден приоритет | | | 300.000,00 | | 300.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | средни училишта и во ученичкиот дом | | | | | | |
| 2 | Реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта | По утврден приоритет | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 3 | Изградба и реконструкција на отворени спортски терени и партерно уредување на дворни места во ООУ, ОСУ и ученички дом | По утврден приоритет | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| 4 | Поддршка на образовен портал | | | | 10.000,00 | | 10.000,00 |
| 5 | Учество на општината во непредвидени проекти | | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | | | | **560.000,00** |
| Р. БР. | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | | | | | | |
| 1 | Обезбедување на училишните објекти | | | | 50.000,00 | | 50.000,00 |
| 2 | Легализација на објектите трошоци | | | | 100.000,00 | | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | | | | **150.000,00** |
| Р. БР | **ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** | | | | | | |
| 1 | Блок дотација – основно образование | | | **82.328.000,00** | | | **82.328.000,00** |
| 2 | Блок дотација – средно образование | | | **26.723.000,00** | | | **26.723.000,00** |
| | **ВКУПНО** | | | **109.051.000,00** | **4.410.000,00** | | **113.461.000,00** |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | | | **113.461.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации иод Буџетот на Општина Ресен за 2015 година.
Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресенво рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2015 година.

## IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадрии опрема со која располага општината;
- изработување стратегија за развој и унапредување на образованието;
- реализирање на третата фаза на Новиот концептот за образование;
- создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции

## Образложение

Оваа програма претставува континуитет на програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието за 2015 година бидејќи планирањата во оваа област покрај календарски се вршат и по учебна година. Целта на првиот дел од програмата е општинските основни училишта во меѓусебна соработка заеднички да ги организираат свеченостите за почетокот и завршувањето на годината.

Иако капиталните инвестиции се уште се на Министерството за Образование и наука,Општина Ресен не може да дозволи образовниот процес во некои училишта да се одвива во несоодветни и лоши услови. Затоа во оваа програма се предвидуваат средства за реконструкција и санирање на училишни објекти онаму каде што тоа е најнеопходно. Приоритетот ќе се утврди согласно барањата доставени од училиштата и увидот извршен по доставување на барањата.

Инвестирањето во образованието ќе се врши согласно планот за инвестиции на МОН и подршката што училиштата ја добиваат од реализирање на проекти,за да се задржи рамномерното инвестирање во сите училишта на територија на Општина Ресен.

Инвестирањето во спортските објекти во училиштата и школските дворови приоритетите ќе се утврдуваат на ист начин.

Инвестирањето во спортските објекти како дел од училиштата треба посебно да се потенцира бидејќи голем дел од нив се предуслов за развој на спортот во Општина Ресен, а добар дел од спортските клубови истите и ги користат.Со подобрување на условите на учениците за спорт се подобруваат условите и за спортистите во општината.

Со цел навремено и целосно искористување на планираните средства во Буџетот на Општина Ресен за инвестициони активности во областа на образованието, Секторот за правни и општи работи и јавни дејности, односно Одделението за јавни дејности заедно со директорите од сите основни училишта и со Средното опшштинско училиште до крајот на месец Јануари 2015 година да изготват програма за најнеопходните инвестициони активности и тековно одржување на објектите, а со крајна цел обезбедување на подобри услови за нормално одвивање на наставно-воспитниот процес и во основното и во средното образование.

Делот од програмата кој се однесува на тековните работи е законска обрска на основачот за која од МОН се обезбедени средства.

Последниот дел од програмата се однесува на трансферот на средства што во форма на блок дотации МОН ги трансферира до општинскиот буџет.

Исто така во 2015 год. планирано е во употреба да биде дадено и тениското игралиште кое се гради во дворното место на ОУ “Гоце Делчев” –Ресен. се планира изградба на спортска сала со почеток на активностите во 2015 година како и асфалтирање на постоечките игралишта за кошарка и ракомет со почеток на активностите во 2015 година.

Во 2015 година ќе се направи и напор за надградба на реконструкцијата која беше извршена во 2012 година преку проект на училиштето „Мите Богоевски“ - Ресен, УСАИД и Општина Ресен претежно преку изнаоѓање на потенцијални донатори пред се од збратименото училиште Сулејман Паша од Текирдаг, Р.Турција за ентериерно уредување на ова училиште.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/21 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

**19.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот по Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Димитар Влахов’’ – с.Љубојно во учебната 2014/2015 година

Се прогласува Заклучокот по Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Димитар Влахов’’ – с.Љубојно во учебната 2014/2015 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/19 — Градоначалник
18.03.2015 год. — м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Димитар Влахов’’ – с.Љубојно во учебната 2014/2015 година го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Димитар Влахов’’ – с.Љубојно во учебната 2014/2015 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/22 — Претседател
13.03.2015 година — Методија Пашковски с.р.
Ресен

**20.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот по Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор во учебната 2014/2015 година

Се прогласува Заклучокот по Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор во учебната 2014/2015 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/20 Градоначалник
18.03.2015 год. м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор во учебната 2014/2015 година го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Браќа Миладиновци'' – с.Царев Двор во учебната 2014/2015 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/23 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

**21.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Заклучокот по Програмата за изведување на екскурзии за учениците од трето одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно

Се прогласува Заклучокот по Програмата за изведување на екскурзии за учениците од трето одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/21 Градоначалник
18.03.2015 год. м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Програма за изведување на екскурзии за учениците од трето одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програма за изведување на екскурзии за учениците од трето одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/24 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

**22.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот по Програмата за изведување на екскурзии за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно

Се прогласува Заклучокот по Програмата за изведување на екскурзии за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/22 Градоначалник
18.03.2015 год. м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Програмата за изведување на екскурзии за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за изведување на екскурзии за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/25 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

**23.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот по Програмата за изведување на дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен

Се прогласува Заклучокот по Програмата за изведување на дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/23 Градоначалник
18.03.2015 год. м-р Ѓоко Стрезовски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Програмата за изведување на дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за изведување на дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/26 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

**24.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Заклучокот по Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен

Се прогласува Заклучокот по Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/24<br>
18.03.2015 год.<br>
Р е с е н

Градоначалник<br>
м-р Ѓоко Стрезовски с.р.

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен, бр.7/2010, 13/2013 ) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2015 година, откако ја разгледа Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/27<br>
13.03.2015 година<br>
Ресен

Претседател<br>
Методија Пашковски с.р.

**25.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,,бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен,,бр.7/2010, 13/2013) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на инвалиди на трудот- Ресен

Се прогласува Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на инвалиди на трудот- Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 13.03.2015 година

Бр.09-896/25
18.03.2015 год.
Р е с е н

Градоначалник
м-р Ѓоко Стрезовски с.р.

Врз основа на член 36 став1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 ), член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен („ Службен гласник на Општина Ресен “, бр. 7/2010, 13/2013 ), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на времено користење на
недвижна ствар на Здружението на инвалиди на трудот- Ресен**

Член 1

Предмет на оваа Одлука е давање на времено користење на Здружението на инвалиди на трудот – Ресен, без надоместок, на една просторија која се наоѓа веднаш до просторијата која ја користи Здружентито на ловци „Преспа“- Ресен , а се наоѓа во објектот на Стариот противпожарен дом на ТППЕ во Ресен , на првиот спрат .

Член 2

Се овластува Градоначникот на Општина Ресен да склучи договор со претставникот на Здруженито на инвалиди на трудот – Ресен со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-798/28 Претседател
13.03.2015 година Методија Пашковски с.р.
Ресен

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Годишен извештај по годишна сметка на Буџетот на Општина Ресен за 2014 година..........................................................................стр.1

2. Завршна (годишна) сметка на Буџетот на Општина Ресен за 2014 година.........................................................................................стр. 2

3. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на СОУ ,,Цар Самоил’’ – Ресен...................................................................стр. 3

4. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на ОУ ,,Мите Богоевски’’ – Ресен.............................................................стр. 4

5. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на ОУ ,,Гоце Делчев’’ – Ресен...................................................................стр. 5

6. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на ОУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с. Царев Двор.........................................стр. 6

7. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на ОУ ,,Димитар Влахов’’ – с. Љубојно....................................................стр. 7

8. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на ОУ ,,Славејко Арсов’’ – с. Подмочани.................................................стр. 8

9. Финансиски извештај по завршна сметка за 2014 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија’’ – Ресен.................................................стр. 9

10. Извештај по Годишна сметка на ЈКП ,,Пролетер’’ Ресен за 2014 година........................................................................................стр. 10

11. Извештај за реализација на програмата за уредување и одржување на градските гробишта за 2014 година........................................стр. 11

12. Информација за состојбата со недостаток на гробни места и превземени мерки за решавање на овој проблем.......................стр. 12

13. Извештај за реализација на програмата за одржување на комунална хигиена за 2014 година.............................................................................стр. 13

14. Програмата за дополнување на Програмата за Ф-урбано планирање Ф10 – урбанистичко планирање изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2015 година...............................................стр. 14

15. Одлука за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на измена и дополна на ДУП за ЗОНА 1 ,ДЕЛ од БЛОК1, ( текстилна фабрика ,,Преспатекс,,)............................................стр. 16

16. Одлука за усвојување на иницијатива за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на ДУП за ЗОНА 3 БЛОК1..........стр. 17

17. Информација за досегашните активности на службата за зимското одржување на улици и локалните патишта во Општина Ресен 2014/2015 ..........................................................................стр. 19

18. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ресен во областа на образованието во 2015 година...........................................................................стр. 20

19. Програма за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Димитар Влахов’’ – с.Љубојно во учебната 2014/2015 година.............................................................................стр. 26

20. Програма за изведување на тридневна екскурзија во деветто одделение во ОУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с.Царев Двор во учебната 2014/2015 година..............................................................................стр. 27

21. Програма за изведување на екскурзии за учениците од трето одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно..........................................................................................стр. 28

22. Програма за изведување на екскурзии за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Димитар Влахов“ с. Љубојно..........................................................................................стр. 29

23. Програма за изведување на дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен ....................................................................................стр. 30

24. Програмата за изведување на тридневна екскурзија за учениците од деветто одделение во учебната 2014/2015 година на ОУ “Гоце Делчев“ Ресен........................................................................стр. 31

25. Одлуката за давање на  времено користење на недвижна ствар на Здружението  на инвалиди на трудот- Ресен ..............................стр. 32